# Сино-зелени алги во викториските води: заштита на вашето здравје

## Што се сино-зелени алги?

Сино-зелените алги (cyanobacteria) се бактериски организми кои се појавуваат поединечно или во колонии, и се присутни во речиси сите водени еколошки системи, вклучувајќи ги потоците, реките, езерата и сезонските мочуришта. Во одредени услови во природната средина, нивната бројност може брзо да се зголеми и цутот (талогот) да стане лесно видлив на водената површина. Цутот има различна боја – од темно зелена до жолтеникаво кафеава. Овој цут не е нова појава и познато е дека се појавувал ширум светот со векови. Некои видови сино-зелени алги произведуваат отрови кои може да бидат штетни за луѓето и животните.

## Како може да бидам изложен на отровите од сино-зелените алги?

Изложеноста на отровите од сино-зелените алги може да биде со:

- директен контакт со делови на телото, вклучувајќи ги и чувствителните делови како што се ушите, очите, устата, носот и грлото
- случајно голтање на вода изложена на сино-зелените алги
- вдишување на ситни водени капки и распрсната вода; и
- јадење на риби, ракови и други животни кои биле изложени на сино-зелените алги.

Одбегнувајте водени текови и површини изложени на сино-зелените алги, особено подрачјата со видлив талог или вода со сменета боја. Најголем ризик за рекреативните корисници претставува површинскиот талог од алги. Тоа се концентрирани пластови од сино-зелени алги, кои обично се собираат вдолж брегот каде е веројатно рекреативните корисници на вода, децата и кучињата да дојдат во контакт со алгите при влегувањето во вода.

Следете ги сите упатства на информативни натписи во загадените подрачја и одбегнувајте контакт со водата сè додека властите не соопштат дека опасноста поминала. Ако се сомневате дека вашиот локален водовод или води се зафатени со сино-зелени алги, ве молиме јавете се на службата за води за натамошни совети или проверете на интернет страницата на викториската служба за вонредни ситуации, инциденти и предупредувања (Vic Emergency Incident and Warnings) на http://emergency.vic.gov.au/respond/

Ако по контакт со вода сте загрижени за вашето здравје, побарајте медицински совет.

## Кои се последиците по здравјето од сино-зелените алги?

Редовното контролирање на водите го открива секое цутење на алгите и ако неговото ниво е големо, се издава јавно предупредување. Водите зафатени со голем степен на сино-зелени алги може да имаат влијание врз здравјето на луѓето и животните.

Некои видови сино-зелени алги произведуваат отрови кои се штетни за луѓето и животните кога ќе се голтнат, вдишат или дојдат во директен контакт со кожата. Контактот со кожата може да предизвика надразнетост на кожата и очите, мали проблеми со дишењето и симптоми слични на алергија на поленов прав (hay fever). Пиењето вода што содржи отрови од сино-зелените алги може да предизвика симптоми на воспаление на стомакот и цревата (гастроентеритис), како што се повраќање, пролив, висока температура и

VICTORIA State Government | Health and Human Services

главоболка. Отровите што ги произведуваат сино-зелените алги исто така може да влијаат на црниот дроб (џигерот) или нервниот систем. Ако сте загрижени за вашето здравје, побарајте медицински совет.

Домашните миленици и добитокот може да се разболат по контакт со вода изложена на сино-зелените алги. Ако се сомневате дека вашите животни се болни, побарајте совет од ветеринар.

## Дали сино-зелените алги претставуваат поголем ризик за децата одошто за возрасните?

Децата се почувствителни на ефектите од отровите од сино-зелените алги поради нивната помала телесна тежина. Тие обично имаат почувствителна кожа одошто возрасните и поверојатно е да добијат осип на кожата. Исто така, за децата е поверојатно да направат нешто при што може да проголтаат или вдишат вода. Децата секогаш треба да бидат надгледувани кога пливаат или се капат во секоја водена средина.

## Што да правам ако дојдам во контакт со вода изложена на алги?

Ако дојде до контакт со вода изложена на сино-зелените алги, соблечете ја сета облека и темелно измијте се со чиста вода кога ќе излезете на суво. Облеката за капење што го покрива целото тело (wetsuits) треба темелно да се испере пред пак да се облече, за да се отстрани секоја трага од алги.

## Може ли да пливам и да се занимавам со други спортови на вода?

Пливањето и сите други спортови на вода или активности, вклучувајќи го скијањето, пливањето на надуени автомобилски гуми и појаси (‘donuts’) при кои доаѓа до контакт со загадена вода, не се препорачуваат.

## Дали моето куче може да плива во вода изложена на сиво-зелените алги?

Кучињата може да се отрујат или умрат поради контакт со некои видови на сино-зелени алги. Не му дозволувајте на вашето куче да плива или да пие вода во подрачја каде се појавиле сино-зелените алги. Ако кучето дојде во контакт со таква вода, темелно измијте го со чиста вода и избришете го за да спречите да се лиже и проголта преостанати алги. Ако сте загрижени, побарајте совет од ветеринар.

## Дали може да јадам риба фатена во води изложени на сино-зелените алги?

Не треба да јадете школки или ракови (yabbies, crayfish) од подрачја зафатени со алги. Сите уловени риби треба да се измијат со чиста вода, жабрите, цревата и сите внатрешни органи да се извадат и фрлат, а не да се јадат. На животните не треба да им се дава утробата на тие риби или да им се дозволи да ја јадат.

Кога цутот ќе свене и почне да се распаѓа, тој може да го впие кислородот од водата. Ако количеството на кислород во водата е многу мало, рибите може да се задушат. Рибите кои се пцовисани, пцовисуваат или неприродно пливаат не треба да се допираат или јадат. Појавувањето на мртви риби може да го пријавите на Службата за заштита на природната средина - Environment Protection Authority на телефон 1300 EPA VIC (1300 372 842).

## Дали е безбедно да користам вода за пиење од мојот локален систем за водоснабдување?

Компаниите за водоснабдување имаат инсталирано системи за пречистување заради справување со ризикот отровите од сино-зелените алги да влезат во мрежата за снабдување со вода за пиење на населените места. Ако нешто ве загрижува околу квалитетот на водата за пиење од вашиот локален водовод, јавете се на локалната служба за водоснабдување.

## Јас се снабдувам или собирам непречистена вода од вештачко езеро или поток каде се појавиле сино-зелени алги. Што да правам?

Одбегнувајте да ја користите таа вода додека да го снема цутот.

Не пијте непречистена вода без оглед дали гледате цут на површината или не. Освен што претставува можен ризик од изложеност на цутот од алги, непречистената вода може да предизвика и други болести. Не користете непречистена вода за домашни потреби како што се готвењето, капењето, туширањето или миењето заби. **Преварувањето на водата изложена на алги нема да ја направи безбедна.**

Не користете вода изложена на алги за наводнување или поење на добиток. Повеќе информации може да се најдат на интернет страницата на Agriculture Victoria на http://agriculture.vic.gov.au/agriculture/farm-management/soil-and-water/irrigation/blue-green-algae-and-irrigation-water

За повеќе информации за вашето приватно снабдување со вода за пиење видете на интернет страницата на Министерството за здравство и социјални служби - Department of Health & Human Services на https://www2.health.vic.gov.au/public-health/water/private-drinking-water-supplies

## Дали може мојата градина да ја полевам со вода изложена на сино-зелените алги?

Одбегнувајте вашиот тревник или цветни леи да ги полевате со вода изложена на алги. Тоа може да влијае на растењето на растенијата и да претставува ризик за децата, домашните миленици и животните, кои може така да дојдат во контакт со влажна површина. При наводнувањето исто така може да се создадат ситни водени капки кои може да бидат вдишани. Ако нема друг извор на вода, одбегнувајте го создавањето на ситни капки со користење на соодветна опрема и полевајте навечер кога воздухот е главно неподвижен.

## Колку долго ќе трае цутот?

Нема одредено време колку ќе се одржи цутот. Ако потраат поволни услови, како што се потопло и сончано време, соодветно ниво на хранливи состојки и побавно движење на водата, цутот може да се задржи со недели и месеци. Постудено и поветровито време или побрзо течење на водата може да го намали или да го запре многу брзо.

Кога ќе се појави цутот, редовно се прават испитувања за да се надгледува видот, количеството и распространетоста на алгите. Резултатите ќе се користат за информирање и промени на предупредувањата и известувањата.

## Натамошни информации за влијанието на алгите врз здравјето

Јавете се на Програмата за вода на Министерството за здравство и социјални служби - Department of Health and Human Service на 1300 761 874.

Одобрила и објавила Викторискaта влада, 1 Treasury Place, Melbourne.
© Држава Викторија, Department of Health and Human Services, март 2016

На располагање на www2.health.vic.gov.au/public-health/water